Македонија

Бр. 147/1
27.04.2011 година
С к о п ј е

Покана за учество на семинар:

***"Примена на GS1 стандардите при иплементацијата на Следливоста (Traceability-Track and Trace)"***

**9 мај 2011(понеделник), во 12:00 часот**

во Стопанска комора на Македонија, сала IV на V кат
ул. "Димитрие Чуповски" бр.13, Скопје

Почитувани,

GS1 Македонија Ве поканува на семинар, на кој ќе се презентираат можностите за практична примена на меѓународните GS1 стандарди во Вашите деловни процеси, со посебен акцент на процесот на Следливоста.

Со GS1 стандардите се врши идентификација, бар кодирање, синхронизација и размена на податоците. Со нивната примена се овозможува брза и точна евиденција на деловните активности, размена на податоците меѓу сите субјекти, комплетно следење на производите од производителот до крајниот корисник, се зголемува сигурноста на пациентот и потрошувачот, се намалуваат грешките и трошоците во Вашето работење; се зголемува ефикасноста и профитабилноста.

Со примената на GS1 стандардите во процесот на Следливоста се овозможува лоцирање на неисправна или небезбедна храна, фармацевтски или други производи, со цел нивно брзо отстранување од продажба. Благодарение на брзо и лесно повлекување на посочените единици или групи на единици, може да се спасат животи. Брзото повлекување исто така ги намалува негативните економски последици и придонесува да се сочува довербата на потрошувачите во квалитетот на нивните омилени брендови, како и довербата во системите кои се проектирани да ја штитат нивната безбедност. Системот на следливост може да потврди присуство или одсуство на атрибути важни за потрошувачите (органска храна, "кошер" храна, храна без шеќер, козметика без алергенси).

GS1 стандардите во применетата Следливост се алатка во борбата против фалсификување на производите и за заштита на брендот, со нив се олеснува финансиското и инвентарско работење, логистиката.

Учесници во процесот на следливост може да бидат:

- превозник/давател на логистички услуги,
- преработувач/производител/примарен производител
- продавач на мало/оператор на наплатно или место на услугата
- магацин/дистрибутивен центар
- дражавен орган/законски одреден да го штити јавниот интерес

Македонија

Семинарот е наменет за ***сите членки на GS1 Македонија***, а пред се' на менаџментот, на секторите за информатика, логистика, контрола и означување, како и на претставниците на Министерството за здравство на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Институтот за Јавно здравје на РМ, Бирото за лекови, на коморите (Лекарската, Фармацевтската, Стоматолошката), Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ, Медицинскиот факултет, институтите, клиниките, веледрогериите, аптеките, производителите на фармацевтски производи и медицинска опрема.

**Влезот е слободен.**

Сите заинтересирани можат да се пријават во GS1 Македонија и пополнетиот пријавен лист да го достават најдоцна до 9 мај 2011 година.

Со почит,

Извршен директор,

С. Милутиновиќ

Слаѓана Милутиновиќ